СЛУЖБЕН ВЕСНИК
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 161 год. LXVII | 21 ноември 2011, понеделник | Цената на овој број е 190 денари.

www.slvesnik.com.mk | contact@slvesnik.com.mk

С О Д Р Ж И Н А

Стр.

3526. **Одлука** за отстапување на нафтени деривати од стоковните резерви…….. **2**

3527. **Одлука** за изменување и дополнување на Одлуката за висината и начинот на плаќање на посебниот надоместок, видот и количеството на растенија, растителни производи и други објекти и предмети за кои се плаќа надоместокот, како и висината и начинот на плаќање на трошоците во областа на здравјето на растенијата… **2**

3528. **Решение** за именување членови на Интерсекторското тело за хемикалии. **6**

3529. **Решение** за разрешување и именување членови на Управниот одбор на Јавната установа Национален парк Галичица, Охрид…… **6**

3530. **Решение** за разрешување и именување членови на Управниот одбор - претставници на стручниот орган на ЈУ Национален парк Маврово, Маврови Анови…….. **6**

3531. **Решение** за избор на директор на Националната установа Филмски фонд на Република Македонија…… **6**

3532. **Решение** за разрешување и именување членови на Управниот одбор на ЈП за водостопанисување со Хидросистемот „Дојранско Езеро“ - Стар Дојран……. **7**

3533. **Програма** за изменување на Програмата за остварување на научно-истражувачката дејност, технолошко-техничкиот развој во Република Македонија за 2011 година…… **7**

3534. **Правилник** за формата, содржината и начинот на водење на влезните и излезни регистри за производи од винско грозје и вино(*)…….. **9**

3535. **Одлука** за определување највисоки цени на одделни нафтени деривати утврдени согласно Методологијата…. **14**

3536. **Правилник** за стручно оспособување, проверки, дозволи и овластувања на персоналот кој врши работи во врска со утврдување на условите на летот и со постапките за подготвување на летот (FLIGHT DISPATCHER)… **15**

3537. **Решение** за определување на инспекциски места на граничен премин за увоз на храна од неживотинско потекло……... **26**

3538. **Правилник** за формата и содржината на регистарот, информациите потребни за регистрација на објектите во кои се чуваат животни за фармски цели и начинот на регистрација…… **27**

3539. **Спогодба** за продолжување на колективниот договор за вработените од тутунското стопанство…… **28**

Декларации, заеднички позиции и демарши на Европската унија кон кои се придружува/прифаќа Република Македонија на покана на ЕУ

33. **Одлука** за воведување на рестриктивната мерка согласно Одлуката за спроведување 2011/488/ЗНБП на Советот од 1 август 2011 година за спроведување на Одлуката 2011/273/ЗНБП за рестриктивни мерки против Сирија.... **1**

Огласен дел..... 1-48

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

3526.

Врз основа на член 13 од Законот за стоковните резерви („Службен весник на Република Македонија“ број 84/2008, 77/2009 и 24/2011), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 15.11.2011 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ ОД СТОКОВНИТЕ РЕЗЕРВИ

Член 1

Со оваа одлука се отстапува 125.000 литри дизел гориво Еуродизел БС и 3000 литри Еуросупер БС – 95 од стоковните резерви, без надомест, на:

- Здружение на превозници во патниот сообраќај „Исток“ – Скопје – 75.000 литри Еуродизел БС
- Јавно сообраќајно претпријатие – Скопје - 50.000 литри Еуродизел БС и Шумска полиција 3.000 литри Еуросупер БС – 95.

Член 2

Се задолжува Агенцијата за стоковни резерви да ја спроведе оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Број 51-7255/1
15 ноември 2011 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски**, с.р.

3527.

Врз основа на член 57 став (6) од Законот за здравјето на растенијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/2005, 81/2008, 20/2009, 57/2010, 17/2011 и 148/2011), Владата на Република Македонија, на седница одржана на 15.11.2011 година , донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВИСИНАТА И НАЧИНОТ НА ПЛАЌАЊЕ НА ПОСЕБНИОТ НАДОМЕСТОК, ВИДОТ И КОЛИЧЕСТВОТО НА РАСТЕНИЈА, РАСТИТЕЛНИ ПРОИЗВОДИ И ДРУГИ ОБЈЕКТИ И ПРЕДМЕТИ ЗА КОИ СЕ ПЛАЌА НАДОМЕСТОКОТ, КАКО И ВИСИНАТА И НАЧИНОТ НА ПЛАЌАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ВО ОБЛАСТА НА ЗДРАВЈЕТО НА РАСТЕНИЈАТА

Член 1

Во Одлуката за висината и начинот на плаќање на посебниот надоместок, видот и количеството на растенија, растителни производи и други објекти и предмети за кои се плаќа надоместокот, како и висината и начинот на плаќање на трошоците во областа на здравјето на растенијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.141/2011) во член 2 ставот (3) се брише.

Член 2

Во член 3 во насловот на членот по зборот „извоз,“ се додава зборот „транзит“.

Ставот (1) се менува и гласи:

„За вршење на фитосанитарна инспекција на пратките со растенија, растителни производи и други објекти и предмети наведени во Листата V дел Б кои се извезуваат, транзитираат или се ре-експортираат од Република Македонија, се плаќа посебен надоместок за преглед на документите, преглед на идентитетот и преглед на здравјето на растенијата во износи пропишани според Прилог 1 на оваа одлука.“

Член 3

Во членот 4 став (1) процентот „100%” се заменува со процентот „20%”.

Ставот (2) се брише.

Член 4

Членовите 6, 7, 8, 9 и 10 се бришат.

Член 5

Членот 11 се менува и гласи:

“Висината на надоместоците за вршење на фитосанитарни прегледи на пратки растенија, растителни производи и други објекти и предмети при увоз, извоз, транзит и реекспорт се наплатува во денари.”

Член 6

Прилогот 1 се заменува со нов Прилог 1 кој е составен дел на оваа одлука.

Член 7

Прилозите 2, 3 и 4 се бришат.

Член 8

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Број 51-7128/1
15 ноември 2011 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски**, с.р.

ПРИЛОГ 1

Надоместоци за фитосанитарна инспекција на пратки со растенија, растителни производи и други објекти и предмети (со камион, вагон или контејнер) при увоз, извоз, ре-експорт и транзит,

		Цена во денари			
Назив	**Количество**	**Увоз**	**Извоз**	**Реекспорт**	**Транзит**
1.Преглед на документи	По сертификат:	200,00	200,00	200,00	200,00
2. Преглед на идентитетот	По сертификат:	200,00	200,00	200,00	200,00
3. За преглед за здравјето на растенијата, производи за заштита на растенијата и ѓубриња, според следната спецификација:					
3.1. Резници, садници (освен шумскиот репродуктивен материјал), расад од јагодесто и зеленчукови растенија.	За една пратка:				
	- до 10.000 броја	1.000,00	500,00	500,00	600,00 Вкупно
	- за секои 1.000 дополнителни броја	100,00	50,00	50,00	/
3.2. Грмушки, дрвја (растила, дрва за садење – за одгледување), шумски репродуктивен материјал, освен семе	За една пратка:				
	- до 1.000 броја	1.000,00	500,00	500,00	600,00 Вкупно
	- за секои 100 дополнителни броја	30,00	30,00	30,00	/
3.3. Луковици (главици),кртоли (израстоци), ризоми, наменети за садење (освен кртоли од компир)	За една пратка:				
	- до 200 кг. тежина	1.000,00	370,00	370,00	600,00 Вкупно
	- за секои дополнителни 10кг.	10,00	10,00	10,00	/
3.4. Семе и култура на ткиво (меристем на ткива)	За една пратка:				
	- до 100 кг. тежина	500,00	370,00	370,00	600,00 Вкупно
	- за секои дополнителни 10 кг.	10,00	10,00	10,00	/

3.5. Други растенија наменети за садење, кои не се наведени во оваа табела	За една пратка:				
	- до 5.000 броја	1.000,00	370,00	370,00	600,00 Вкупно
	- за секои дополнителни 100 броја	10,00	60,00	60,00	/
3.6. Режано цвеќе	За една пратка:				
	-до 20.000 броја	1.000,00	370,00	370,00	600,00 Вкупно
	- за секои дополнителни 1. 000 броја	8,00	8,00	8,00	/
3.7. Гранки со лисја, делови од иглолисни (освен режани божиќни дрвца)	За една пратка:				
	-до 1.000 кгр. тежина	1.000,00	370,00	370,00	600,00 Вкупно
	- за секои дополнителни 100 кг. тежина	100,00	30,00	30,00	/
3.8. Режани божиќни дрвца	За една пратка:				
	- до 1.000 броја	1.000,00	370,00	370,00	600,00 Вкупно
	- за секои дополнителни 100 боја	100,00	30,00	30,00	/
3.9. Листови на растенијата, како лисја од билки, зачини (мирудии) и лиснат зеленчук	За една пратка:				
	-до 10.000 кг. тежина	500,00	300,00	300,00	600,00 Вкупно
	-за секои наредни започнати 1.000 кгр.	100,00	30,00	30,00	/
3.10. Овошје и зеленчук, освен лиснат зеленчук	За една пратка:				
	- до 25.000 кг. тежина	1.000,00	500,00	500,00	600,00 Вкупно
	- за секои дополнителни 1.000 кг.	40,00	20,00	20,00	/
	За пратка составена со повеќе од пет различни видови овошје и зеленчук, а со исклучок на пратки од семенски и саден материјал и компир (партија-семенски и меркантилен) за тежина до 25.000кг.	2.500,00	1.500,00	/	/
	- за секои дополнителни започнати 1000 кг.	50,00	30,00	/	/

3.11. Кртоли од компир	За една пратка:				
	- до 25.000 кг. тежина	2.400,00	370,00		
	-за секои дополнителни 25.000 кг.	2.400,00	370,00		
3.12. Дрво, освен дрво со кора	За една пратка:				
	-до 100 м³ волумен	2.000,00	500,00	500,00	600,00
	- за секој дополнителен 1 м³	100,00	50,00	50,00	60,00
3.13. Почва и почвен супстрат, кора од дрво	За една пратка:				
	- до 25.000 кг. тежина	1.000,00	370,00	370,00	600,00 Вкупно
	- за секои дополнителни 1.000 кг.	40,00	20,00	20,00	/
3.14. Жито (зрнеста храна) – пченка, пченица, јачмен, ‘рж, ориз и друго (меркантилна) Семенска – двојна тарифа	За една пратка:				
	- до 25.000 кг. тежина	1.000,00	300,00	300,00	600,00 Вкупно
	- за секои дополнителни 1.000 кг.	40,00	10,00	10,00	/
3.16. Други растенија и растителни производи, неспецифицирани на друго место во оваа табела	За една пратка:				
	- до 25.000 кг. тежина	900,00	370,00	370,00	600,00 Вкупно
	- за секои дополнителни 1.000 кг.	100,00	50,00	50,00	/
3.17. Производи за заштита на растенијата	За една пратка:				
	- за секои започнати 1.000 кгр./лит.	100,00	100,00	50,00	600,00 Вкупно
3.18. Органски, минерални ѓубриња и фитохормони	За една пратка:				
	- за секои започнати 1.000 кгр./лит.	50,00	25,00	25,00	600,00 Вкупно
3.19 Амбалажа од дрвен материјал за пакување (палети, бокс палети, дрвени кутии и сл.)	За една пратка:				
	-до 10.000 кгр.	200,00	/	/	/
	- за секои дополнителни 1.000 кг.	20,00	/	/	/

3528.

Врз основа на член 10 од Законот за хемикалии („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/2010 и 53/2011), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 8 ноември 2011 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА ИНТЕРСЕКТОРСКОТО ТЕЛО ЗА ХЕМИКАЛИИ

I. За членови на Интерсекторското тело за хемикалии се именуваат:

1. Лидија Савиќ, раководител на сектор во Бирото за лекови, орган во состав на Министерството за здравство, која истовремено ќе раководи со Интерсекторското тело;
2. Љубица Гиачо, раководител на Одделението за граничен инспекциски надзор во Министерството за здравство;
3. Емилија Ќупева-Неделкова, раководител на Одделението за хемикалии и индустриски несреќи во Министерството за животна средина и просторно планирање;
4. Анна Лазару-Јошевска, главен инспектор во Отсекот за контрола на квалитетот и развој во Одделението за криминалистичка техника во Министерството за внатрешни работи;
5. Сунчица Георгиевска, советник во Фитосанитарната управа, орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство;
6. Марјан Славков, самостоен советник во Службата за царинска лабораторија, Сектор за царински систем во Царинската управа, орган во состав на Министерството за финансии;
7. Габриела Секуловска од Центарот за превентивна медицина при Воено-медицинскиот центар при Министерството за одбрана;
8. Соња Костовска, раководител на Одделението за превоз на опасни материи во Министерството за транспорт и врски;
9. Ваедин Даути, раководител на одделение во Секторот за меѓународна-трговска соработка во Министерството за економија;
10. Марија Милкова од Центарот за управување со кризи;
11. Филип Гоџо, раководител во Секторот за хемија во Алкалоид АД – Скопје, како член од Стопанска комора.

II. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Број 22-939/2
8 ноември 2011 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски**, с.р.

3529.

Врз основа на член 138 став 1 и 2 од Законот за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/2004, 14/2006, 84/2007, 35/2010, 47/2011 и 148/2011), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 8 ноември 2011 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈАВНАТА УСТАНОВА НАЦИОНАЛЕН ПАРК ГАЛИЧИЦА, ОХРИД

1. Ванчо Костоски се разрешува од должноста член на Управниот одбор - претставник на општината Охрид на Јавната установа Национален парк Галичица, Охрид, поради истек на мандатот за кој е именуван.

1.1. За член на Управниот одбор - претставник на општината Ресен на Јавната установа Национален парк Галичица, Охрид, се именува Марјан Музоски.

2. Од должноста членови на Управниот одбор - претставници на стручниот орган на Јавната установа Национален парк Галичица, Охрид, поради истек на мандатот за кој се именувани, се разрешуваат:
- Љупчо Димиџијевски,
- Огнен Достиноски.

2.1. За членови на Управниот одбор - претставници на стручниот орган на Јавната установа Национален парк Галичица, Охрид, се именуваат:
- м-р Оливер Аврамоски, советник за стратешко планирање и развој во Јавната установа и
- Огнен Достиноски, раководител на Туристичко-рекреативна зона во Јавната установа.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 22-3844/2
8 ноември 2011 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски**, с.р.

3530.

Врз основа на член 138 став 1 и 2 од Законот за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/2004, 14/2006, 84/2007, 35/2010, 47/2011 и 148/2011), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 8 ноември 2011 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР - ПРЕТСТАВНИЦИ НА СТРУЧНИОТ ОРГАН НА ЈУ НАЦИОНАЛЕН ПАРК МАВРОВО, МАВРОВИ АНОВИ

1. Од должноста членови на Управниот одбор - претставници на стручниот орган на Јавната установа Национален парк Маврово, Маврови Анови, поради истек на мандатот за кој се именувани се разрешуваат:
- Илко Лазаревски,
- Тонче Стефанов.

2. За членови на Управниот одбор - претставници на стручниот орган на Јавната установа Национален парк Маврово, Маврови Анови, се именуваат:
- Илко Лазаревски, раководител на Секторот за заштита на флора и фауна,
- Тонче Стефанов, ревирен раководител.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Број 22-5483/2
8 ноември 2011 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски**, с.р.

3531.

Врз основа на член 15 став 2 од Законот за Филмскиот фонд на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 70/2006, 92/2008, 36/2011 и 136/2011), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 8 ноември 2011 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИЗБОР НА ДИРЕКТОР НА НАЦИОНАЛНАТА УСТАНОВА ФИЛМСКИ ФОНД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. За директор на Националната установа Филмски фонд на Република Македонија се избира Дарко Башески, дипломиран филмски и ТВ снимател, досегашен директор на Фондот.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Број 22-6995/1
8 ноември 2011 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски**, с.р.

3532.

Врз основа на член 17 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009 и 97/2010), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 15 ноември 2011 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП ЗА ВОДОСТОПАНИСУВАЊЕ СО ХИДРОСИСТЕМОТ „ДОЈРАНСКО ЕЗЕРО“ - СТАР ДОЈРАН

1. Од должноста членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за водостопанисување со Хидросистемот „Дојранско Езеро“ - Стар Дојран се разрешуваат:

- Никола Бојаџиев,
- Ѓорѓи Граматиков,
- Владо Србиновски.

2. За членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за водостопанисување со Хидросистемот „Дојранско Езеро“ - Стар Дојран се именуваат:

- Анатомија Минчева,
- Глигор Јанкулов,
- Димче Балески.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Број 22-7147/1
15 ноември 2011 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски**, с.р.

3533.

Врз основа на член 49 став 1 од Законот за научно-истражувачка дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.46/2008, 103/2008 и 24/2011) и член 21 од Законот за поттикнување и помагање на технолошкиот развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 41/2008 и 106/2008) и член 44 став 4 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2011 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.161/2010), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 8.11.2011 година, донесе

П Р О Г Р А М А

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКАТА ДЕЈНОСТ, ТЕХНОЛОШКО-ТЕХНИЧКИОТ РАЗВОЈ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2011 ГОДИНА

1. Во Програмата за изменување на Програмата за остварување на научно-истражувачката дејност, технолошко-техничкиот развој во Република Македонија за 2011 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/2011), Табелата 1 се менува и гласи:

				БУЏЕТСКИ СТАВКИ					
Редб рој	АКТИВНОСТИ	420	421	423	424	425	426	464	ВКУПНО
1	Програма за развој и работа на јавни научни установи (научните институти),научно-истражувачки пртоекти, научно-иструвачка инфраструктура, издавачка дејност, организирање на научни собири, учество на домашни научни истражувачи на меѓународни научни собири и студиски престои во странство, престој на странски научни истражувачи во Република Македонија	1,100,000	1,700,000	2,000,000	700,000	3,000,000	0	0	**11.300,000**
2	Научно-истражувачки проекти-факултети (национални)	1,300,000	1,700,000	2,010,000	700,000	3,500,000	0	0	**11,210,000**
3	Научно-истражувачки проекти (билателарни)	1,100,000	1,635,000	1,300,000	656,000	2,500,000	0	0	**8,391,000**
4	Издавачка дејност	0	0	0	0	1,000,000	0	0	**1,000,000**
5	Организација на научни собири	300,000	300,000	300,000	0	300,000			**1,200,000**
6	Учество на домашни истражувачи на меѓународни научни собири	200,000	0	0	0	700,000			**900,000**
7	Студиски престои во странство и престој на странски научни работници во РМ	165,000	0	0	0	0			**165,000**
8	Објавување на научно-трудови во странски научни списанија		0	0	0	190,000			**190,000**
9	Стипендии за последипломски студии и докторски студии еднократна помош за изработка на м-р и д-р трудови и стипендии за школување во согласност со Законот за правата на претседателот на Република Македонија и неговото семејство по престанување на функцијата	0	0	0	0	0	0	17,720,000	**17,720,000**
10	Технолошки развој (развојни и иновациски проекти	0	2,000,000	0	0	3,000,000	0	5,000,000	**10,000,000**
11	Техничка култура	0	0	0	0	3,700,000	0	0	**3,700,000**
12	Државни награди (награда Гоце Делчев)	0	0	0	0	0	0	400,000	**400,000**
13	Контрибуција и Членарина во Меѓународни организации(ФП 7, СЕЕ ЕРА НЕТ+, ЕУРЕКА)	0	0	0	0	0	863,000	0	**863,000**
14	Други расходи (исплата на експертски и советодавни тела,рецензии, реферална дејност, објавување на огласи, конкурски и други активности,	0	0	0	0	2,000,000	0	0	**2,000,000**
	В К У П Н О:	**4,165,000**	**7,335,000**	**5,610,000**	**2,056,000**	**19,890,000**	**863,000**	**23,120,000**	**63,039,000**

2. Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр.51-6399/1
8 ноември 2011 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

3534.

Врз основа на член 37 став (4) од Законот за виното ("Службен весник на Република Македонија" бр. 50/10 и 53/11), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

П Р А В И Л Н И К

ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ВЛЕЗНИТЕ И ИЗЛЕЗНИ РЕГИСТРИ ЗА ПРОИЗВОДИ ОД ВИНСКО ГРОЗЈЕ И ВИНО (*)

Член 1

Предмет на уредување

Со овој правилник се пропишуваат формата, содржината и начинот на водење на влезните и излезни регистри за производи од винско грозје и вино.

Член 2

Влезни и излезни регистри за производи од винско грозје и вино

Влезните и излезните регистри за производи од винско грозје и вино се состојат од регистар за влез и излез на производи од винско грозје и регистар за влез и излез на производи од вино.

Регистарот за прием на винско грозје се води во форма на книга во А4 формат со поврзани и последователно нумерирани евиденциски листови на бела хартија. На корицата на книгата стои натпис "Регистар за влез и излез на производи од винско грозје", а под него се запишува името на винарската визба односно трговецот со производи од винско грозје.

Евиденциските листови на регистарот за влез и излез на производи од винско грозје од став 2 на овој член содржат:

- датум на извршениот внес или излез на шира, пречистена шира, пречистена концентрирана шира и друго,
- количина во хектолитри на внесениот или изнесениот производ,
- карактеристики за внесениот или изнесениот производ,
- број на садот и
- иницијали на одговорното лице.

Образецот на регистарот за влез и излез на производи од винско грозје е даден во Прилог број 1 кој е составен дел на овој правилник.

Регистарот за влез и излез на производи од вино се води во форма на книга во А4 формат со поврзани и последователно нумерирани евиденциски листови на бела хартија. На корицата на книгата стои натпис "Регистар за влез и излез на производи од вино", а под него се запишува името на винарската визба односно трговецот со вино и нивните основни податоци.

Евиденциските листови на регистарот за влез и излез на производи од вино од став 5 на овој член содржат:

- датум на извршениот внес или излез,
- количина во хектолитри односно килограми на внесениот или изнесениот производ,
- карактеристики за внесениот или изнесениот производ,
- број на садот,
- намена,
- забелешка и
- иницијали на одговорното лице.

Образецот на регистарот за влез и излез на производи од вино е даден во Прилог број 2 кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Регистрите од член 2 став 1 се водат во пишана, а може да се водат и во електронска форма.

Регистрите од членот 2 на овој правилник се водат посебно за секој објект кадешто се чува производи од винско грозје и вино.

Податоците во регистрите од членот 2 на овој правилник се внесуваат во рок од 24 часа по извршениот внес или излез на производи од винско грозје и вино.

Член 4

Влегување во сила

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Број 29-6798/3

19 септември 2011 година Министер,

Скопје **Љупчо Димовски,** с.р.

---

* Со овој правилник се врши усогласување со Регулативата на Комисијата (ЕЗ) од 26 мај 2009 година со која се утврдуваат правилата за спроведување на Регулативата на Советот (ЕЗ) бр. 479/2008 за регистарот на лозови насади, задолжителните декларации и прибирањето информации за следење на пазарот на вино, документи кои се приложени со пратките на вински производи и водење на регистрите од винскиот сектор

Прилог број 1

РЕГИСТАР ЗА ВЛЕЗ И ИЗЛЕЗ НА ПРОИЗВОДИ ОД ВИНСКО ГРОЗЈЕ

_____

(име на винарската визба или трговецот со производи од винско грозје)

_____

(седиште на винарската визба или трговецот со производи од винско грозје)

_____

(одговорно лице во винарската визба или трговецот со производи од винско грозје)

_____

(винска година)

Реден број	Датум (дд.мм.гггг)	**ШИРА** (во хл)								Карактеристики			Иницијали на одговорното лице
		Шира		Пречистена шира		Пречистена концентрирана шира		Друго		густина / алкохол	шеќерност	Број на сад	
		Влез	Излез	Влез	Излез	Влез	Излез	Влез	Излез				

Прилог број 2

РЕГИСТАР ЗА ВЛЕЗ И ИЗЛЕЗ НА ПРОИЗВОДИ ОД ВИНО

_____

(име на винарската визба или трговецот со производи од вино)

_____

(седиште на винарската визба или трговецот со производи од вино)

_____

(одговорно лице во винарската визба или трговецот со производи од вино)

_____

(винска година)

Реден број	Датум (дд.мм.гг гг)	**ВИНО** (во хл)											**СПОРЕДНИ ПРОИЗВОДИ** (во кг)						Намена	Забелешка	Иницијали на одговорното лице
		ВИНО		Друго		Категорија на квалитет[1]	Тип на вино[2]	Име	Број на сад[3]	Број на садови[4]	Боја[5]	Алкохолна јачина (% вол.)	Комиње		Виски талог		Број на сад	Содржина на алкохол (%)			
		Влез	Излез	Влез	Излез								Влез	Излез	Влез	Излез					

РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИНА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

3535.

Врз основа на член 22, алинеја 5 од Законот за енергетика ("Службен весник на РМ" бр. 16/2011), член 28 од Законот за акцизите ("Службен весник на РМ" бр. 32/2001, 50/2001, 52/2001, 45/2002, 98/2002, 24/2003, 96/2004, 38/2005, 88/2008, 105/2009, 34/2010 и 55/11), член 28 и 29 од Законот за данокот на додадена вредност ("Службен весник на РМ" бр. 44/99, 86/99, 08/2001, 21/2003, 19/2004, 33/2006, 101/2006, 114/2007, 103/2008, 114/2009 и 133/2009), Законот за животната средина ("Службен весник на РМ" бр. 53/05) и Уредбата за начинот на утврдување, пресметување и уплатување на надоместокот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати што се плаќаат при увоз и/или производство на нафтени деривати ("Службен весник на РМ" бр. 138/09 и 52/11), Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, на седницата одржана на 21.11.2011 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НАЈВИСОКИ ЦЕНИ НА ОДДЕЛНИ НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ УТВРДЕНИ СОГЛАСНО МЕТОДОЛОГИЈАТА

Член 1

Претпријатијата кои произведуваат деривати од нафта можат да ги формираат цените на одделни нафтени деривати така што највисоките производни цени да изнесуваат и тоа:

а) Моторни бензини	ден/лит
- ЕУРОСУПЕР БС - 95	до 37,752
- ЕУРОСУПЕР БС - 98	до 39,104
б) Дизел гориво	ден/лит
- ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V)	до 44,165
в) Масло за горење	ден/лит
- екстра лесно 1 (ЕЛ-1)	до 43,577
г) Мазут	ден/кг
- М-1 НС	до 35,558

Член 2

Претпријатијата и другите правни и физички лица, што вршат промет на нафтени деривати и увозници (во натамошниот текст: претпријатија) ги формираат цените за одделни нафтени деривати така што :

А. Највисоките малопродажни цени (1 ГРУПА НА ЦЕНИ) да изнесуваат и тоа:

а) Моторни бензини	ден/лит
- ЕУРОСУПЕР БС - 95	до 76,00
- ЕУРОСУПЕР БС - 98	до 77,50
б) Дизел гориво	ден/лит
- ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V)	до 71,50
в) Масло за горење	ден/лит
- екстра лесно 1 (ЕЛ-1)	до 60,00
г) Мазут	ден/кг
- М-1 НС	до 43,481

Б. Претпријатијата што вршат промет на нафтени деривати можат да ги формираат цените за одделни нафтени деривати во однос на највисоките цени од точката А на став 1 на овој член (1 ГРУПА НА ЦЕНИ), освен од подточката "г" и тоа: за 0,5 ден/лит пониски (2 ГРУПА НА ЦЕНИ), за 1,00 ден/лит пониски (3 ГРУПА НА ЦЕНИ) и за 1,5 ден/лит пониски (4 ГРУПА НА ЦЕНИ), согласно следната табела и да изнесуваат:

НАФТЕН ДЕРИВАТ	(2 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит	(3 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит	(4 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит
ЕУРОСУПЕР БС - 95	75,50	75,00	74,50
ЕУРОСУПЕР БС - 98	77,00	76,50	76,00
ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V)	71,00	70,50	70,00
Е Л -1 - ЕКСТРА ЛЕСНО 1	59,50	59,00	58,50

Претпријатијата што вршат промет на нафтени деривати можат да вршат промет на секој дериват поодделно по една од цените утврдени за тој дериват во една од групите на цени определени согласно оваа одлука.

Цените од сите четири ценовни групи формирани согласно став 1 на овој член, освен цената за мазутот М-1 НС, важат франко пумпна станица, а цената на мазутот М-1 НС важи франко производител во земјата.

Во цените од сите четири ценовни групи формирани согласно став 1 на овој член, освен во цената за мазутот М-1 НС , содржани се и трошоците за превоз од 0,50 ден/литар.

Во малопродажните цени формирани согласно овој член содржан е данокот на додадена вредност согласно Законот.

Член 3

Во малопродажните цени утврдени со членот 2 од оваа Одлука содржан е надоместокот за финансирање на активностите во областа на животната средина кои согласно Законот за животната средина го плаќаат обврзниците утврдени со овој закон и тоа:

а) Моторни бензини	ден/лит
- ЕУРОСУПЕР БС - 95	до 0,080
- ЕУРОСУПЕР БС - 98	до 0,080
б) Дизел гориво	ден/лит
- ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V)	до 0,030

в) Масло за горење ден/лит
- екстра лесно 1 (ЕЛ-1) до 0,040

г) Мазут ден/кг
- М-1 НС до 0,050

Член 4

Во малопродажните цени утврдени со членот 2 од оваа Одлука содржан е надоместокот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати кои согласно Законот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати го плаќаат обврзниците утврдени со овој закон при увоз и/или производство на нафтени деривати и тоа:

а) Моторни бензини ден/лит
- ЕУРОСУПЕР БС - 95 до 0,890
- ЕУРОСУПЕР БС - 98 до 0,890

б) Дизел гориво ден/лит
- ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) до 0,300

в) Масло за горење ден/лит
- екстра лесно 1 (ЕЛ-1) до 0,300

г) Мазут ден/кг
- М-1 НС до 0,740

Член 5

Во малопродажните цени утврдени со членот 2 од оваа одлука акцизите кои ги плаќаат обврзниците согласно Законот изнесуваат и тоа:

а) Моторни бензини ден/лит
- ЕУРОСУПЕР БС - 95 до 21,985
- ЕУРОСУПЕР БС - 98 до 21,904

б) Дизел гориво ден/лит
- ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) до 12,398
в) Масло за горење ден/лит
- екстра лесно 1 (ЕЛ-1) до 3,230

г) Мазут ден/кг
- М-1 НС до 0,100

Член 6

Во малопродажните цени утврдени согласно членот 2 од оваа одлука, трошоците на прометот на секој поодделен нафтен дериват од секоја ценовна група изнесуваат:

НАФТЕН ДЕРИВАТ	Ед. мерка	(1 ГРУПА НА ЦЕНИ)	(2 ГРУПА НА ЦЕНИ)	(3 ГРУПА НА ЦЕНИ)	(4 ГРУПА НА ЦЕНИ)
ЕУРОСУПЕР БС - 95	ден/лит	3,200	2,776	2,353	1,929
ЕУРОСУПЕР БС - 98	ден/лит	3,200	2,776	2,353	1,929
ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V)	ден/лит	3,200	2,776	2,353	1,929
Е Л 1 - ЕКСТРА ЛЕСНО 1	ден/лит	3,200	2,776	2,353	1,929
МАЗУТ М-1 НС	ден/кг	0,400	0,400	0,400	0,400

Член 7

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 00:01 часот на 22.11.2011 година и истата ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија" и на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија.

Бр. 02 - 1570 /1
21 ноември 2011 година Претседател,
Скопје **Димитар Петров,** с.р.

АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО

3536.

Врз основа на член 136 став 7 и 8, член 138 став 6, член 139 став 2 и член 144 од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Македонија" бр.14/06, 24/07, 103/08 и 67/10) директорот на Агенцијата за цивилно воздухопловство донесе

П Р А В И Л Н И К

ЗА СТРУЧНО ОСПОСОБУВАЊЕ, ПРОВЕРКИ, ДОЗВОЛИ И ОВЛАСТУВАЊА НА ПЕРСОНАЛОТ КОЈ ВРШИ РАБОТИ ВО ВРСКА СО УТВРДУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ НА ЛЕТОТ И СО ПОСТАПКИТЕ ЗА ПОДГОТВУВАЊЕ НА ЛЕТОТ (FLIGHT DISPATCHER)

I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат начинот на вршење на обуката за стекнување на стручна оспособеност како и посебните услови во однос на потребниот кадар за обука, опремата и другите посебни услови неопходни за безбедно и уредно работење на организациите или центрите за обука, формата, содржината, евиденцијата и начинот на издавање, продолжување, обновување и промена на уверенијата за вршење на обука на организациите или центрите за обука, начинот на спроведување на редовната и вонредната проверка на стручната оспособеност, условите за стекнување на дозволи и овластувања, начинот на издавање, продолжување, промена и суспендирање на дозволите, формата, содржината, рокот на важење, видот и евиденцијата на дозволите и овластувањата, како и критериумите, начин и постапка за признавање на завршена обука, програми за обука, положени испити, стекнати дозволи и овластувања во странство на персоналот кој врши работи во врска со утврдување на условите на летот и со постапките за подготвување на летот (во понатамошниот текст: воздухопловни диспечери).

Член 2

Одделни изрази употребени во овој правилник го имаат следното значење:

1) **работи на воздухопловен диспечер** се задачи во врска со утврдување на условите за лет, постапките за подготвување на лет и контрола над одредени аспекти на летот и кои може да ги извршува лице кое поседува важечка дозвола на воздухопловен диспечер;

2) **воздухопловен диспечер** е лице кое врз основ на дозволата за воздухопловен диспечер може да извршува работи на воздухопловен диспечер;

3) **дозвола** е исправа со која се потврдува дека воздухопловниот диспечер е оспособен за вршење на работи на воздухопловен диспечер, а кои се од значење за безбедноста на воздухопловството;

4) **овластување** е одобрение запишано во дозволата, со коешто се утврдени посебните услови, права или ограничувања што се однесуваат на работа во врска со утврдување на условите за лет, постапките за подготвување на лет и контрола над одредени аспекти на летот и

5) **овластен испитувач** е лице кое е ставено на листата на воздухопловни стручњаци согласно Правилникот за критериумите за овластување на лица за испитувачи во листата на воздухопловни стручњаци и кое може да спроведува проверки на стручност и компетентност.

II. СТРУЧНО ОСПОСОБУВАЊЕ , ОРГАНИЗАЦИИ И ЦЕНТРИ ЗА СТРУЧНО ОСПОСОБУВАЊЕ

1. Услови за вршење на обука

Член 3

(1) Стручната оспособеност на воздухопловните диспечери се стекнува во овластени организации или центри за обука кои треба да ги исполнуваат потребните услови пропишани со овој правилник.

(2) Организациите или центрите за обука на воздухопловни диспечери можат да се формираат во состав на оператор на воздухоплов или како самостојни правни лица.

Член 4

(1) За да вршат теоретска (ab-initio) обука на воздухопловни диспечери организациите или центрите за обука со седиште во Република Македонија треба да имаат уверение за вршење на обука издадено од страна на Агенцијата за цивилно воздухопловство (во понатамошниот текст: Агенцијата).

(2) За да добијат уверение за вршење на обука, организациите или центарите за обука треба да ги исполнуваат следните посебни услови неопходни за безбедно и уредно работење:

- да имаат програма за обука согласно Анекс 1, дел 4.6 на Меѓународната конвенција за цивилно воздухопловство и ICAO документот 7192, дел Д-3 кои се прифаќаат и директно се применуваат и прирачник за спроведување на обуката (training manual);

- да имаат документи за евиденција на обуката: регистар на ученици-кандидати, дневник за евиденција на теоретската обука, дневник за практична обука (on job training log book);

- доволен број на стручен персонал;

- соодветна стручна литература согласно одобрената програма за обука и

- да имаат соодветни простории за изведување на теоретска обука со потребна опрема и училница за стручниот персонал (инструктори), за сместување на опремата, наставни помагала, школска документација – архива и библиотека.

(3) Во случај кога организацијата или центарот за обука е самостојно правно лице покрај условите од став (2) на овој член треба да има и договор со оператор на воздухоплов за базирање на обуката врз актуелни компаниски прирачници.

(4) Програмата за обука од став (2) на овој член треба да биде одобрена од Агенцијата и истата треба да биде со структура и содржина која опфаќа: насловна страна, содржина, листа на измени, цел и времетраење на обуката, теоретски и практичен дел.

(5) Програмата за обука се доставува до Агенцијата на одобрување во два примерока и истата треба редовно да се ажурира.

(6) Со прирачникот за спроведување на обуката (training manual) од став (2) на овој член се утврдува начинот на спроведување на обуката (теоретска и практична), фазите, стандардите, системот и постапките во текот на обуката и начинот на водење на евиденцијата за реализација на обуката.

(7) Прирачникот за спроведување на обуката особено содржи: насловна страна, содржина, листа на измени, план за реализација на обуката по фази, програма за обука разработена по вежби со методики, упатства за начин на изведување, користење на наставни помагала – учила, спроведување на контролни проверки и следење на прогресот во обуката на кандидатот.

(8) Практичната обука се спроведува во активен/оперативен – диспечерски центар од страна на лица кои поседуваат овластување за инструктор на воздухопловни диспечери според план изготвен врз основа на одобрената програма за обука.

(9) Активниот оперативен – диспечерски центар од став (8) на овој член треба да ги исполнува потребните услови за спроведување на практичната обука во однос на: просторни капацитети, стручен персонал, стручна литература, да има зборник на воздухопловни информации (AIP), патен прирачник (airway manual), електронски навигациски калкулатор со упатстство за користење, просторни и рутни карти, глобус, макети, процедури, цртежи, аудио-визуелни средства и друга потребна опрема и учила.

2. Форма, содржина, евиденција и начин на издавање, продолжување, обновување и промена на уверението за вршење на обука на водухопловни диспечери

Член 5

(1) За издавање, продолжување, обновување или промена на уверението за вршење на обука на воздухопловни диспечери, организациите или центрите за обука поднесуваат барање до Агенцијата, со кое се приложуваат докази дека се исполнети условите за добивање на уверение за вршење на обука согласно член 4 на овој правилник.

(2) Барањето за продолжување на уверението за вршење на обука се поднесува најмалку 30 дена пред истекот на важноста на уверението, а за обновување најдоцна 30 дена по истекот на важноста на уверението.

(3) Доколку организацијата или центарот за обука не поднесе барање за продолжување или обновување во роковите утврдени во став (2) на овој член, уверението се смета за повлечено.

Член 6

(1) Агенцијата по приемот на барањето, врши проверка дали е уплатена административна такса и надоместокот за издавање, продолжување, обновување или промена на уверението за вршење на обука на воздухопловни диспечери пропишан со тарифникот на Агенцијата, проверка на приложената документација, како и оперативна проверка со цел да се утврди дали организацијата или центарот за обука ги исполнува условите и техничките можности за вршење обука на воздухопловни диспечери.

(2) Проверките од став (1) на овој член се вршат и при продолжување, обновување или промена на уверението.

(3) При извршување на проверките од став (1) на овој член Агенцијата користи листи за проверки претходно изготвени согласно документацијата и податоците кои се проверуваат.

(4) Доколку со проверките од став (1) на овој член се утврди дека одредена организација или центар за обука ги исполнува условите за вршење обука на воздухопловни диспечери им се издава решение за издавање, продолжување, обновување или промена на уверението кое заедно со уверението за вршење на обука му се доставуваат на барателот откако ќе поднесе доказ дека го платил надоместокот за континуиран надзор пропишан со тарифникот на Агенцијата.

(5) Доколку се утврди дека одредена организација или центар за обука не ги исполнува условите за вршење обука на воздухопловни диспечери Агенцијата ќе го одбие барањето за издавање, продолжување, обновување или промена на уверение за вршење на обука со решение кое ги содржи причините за одбивањето.

Член 7

(1) На организации или центри за обука, уверението за вршење обука на кандидати за воздухопловни диспечери им се издава на образец даден во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

(2) Уверението за вршење на обука на кандидати за воздухопловни диспечери се издава со рок на важење од две години.

(3) За издадените уверенија за вршење на обука на воздухопловни диспечери се води евиденција во Агенцијата.

(4) Евиденцијата од став (3) на овој член содржи податоци за работата на организацијата или центарот за обука која врши обука на воздухопловни диспечери, како и контакт телефони и адреси на одговорните лица.

Член 8

(1) Агенцијата ја следи усогласеноста на работењето на организациите или центрите за обука со условите пропишани со овој правилник.

(2) Доколку Агенцијата утврди дека организацијата или центарот за обука повеќе не ги исполнува условите пропишани со овој правилник, ќе го одземе уверението за вршење на обука на воздухопловни диспечери.

3. Начин на вршење на обука на воздухопловни диспечери

Член 9

(1) Обуката за стручно оспособување за воздухопловни диспечери, има за цел да ги оспособи лицата кандидати за воздухопловни диспечери со неопходното знаење, рутина и вештина за стекнување на дозвола и/или овластување.

(2) Обуката од став (1) на овој член се состои од теоретска (ab-initio) обука, практична обука, обука за освежување на знаењето (recurrent training) и обука за реквалификација (re-qualification training) на воздухопловни диспечери.

3.1. Теоретска (ab-initio) обука

Член 10

За да биде примен на теоретска (ab-initio) обука, кандидатот треба да ги исполнува следните услови:

- да има наполнето најмалку 20 години старост;
- да има познавање на англиски јазик најмалку предоперативно ниво 3 на ICAO;
- да има потврда за здравствена способност класа 4 и
- да има завршено најмалку средно образование.

Член 11

(1) Теоретската (ab-initio) обука има за цел да го оспособи кандидатот за воздухопловен диспечер со основни стручни знаења и вештини неопходни заради започнување на практичната обука.

(2) Теоретската (ab-initio) обука се спроведува во обем, начин и времетраење утврдени во програмата за обука која е изготвена согласно стандардите од ICAO документот 7192, дел Д-3 и одобрена од Агенцијата.

(3) Теоретската обука се смета за успешно завршена ако кандидатот покаже успех од минимум 75% од секој предмет од обуката поединечно.

3.2 Практична обука

Член 12

(1) Практичната обука има за цел да го оспособи кандидатот за воздухопловен диспечер со потребните практични знаења и способности за стекнување на дозвола за воздухопловен диспечер и вршење на работи на воздухопловен диспечер.

(2) Практичната обука се спроведува во обем, на начин и времетраење утврдени во програмата за обука која е изготвена согласно стандардите од ICAO документот 7192, дел Д-3 и одобрена од Агенцијата.

(3) Практичната обука треба да биде завршена во рок од 12 месеци од завршување на теоретската (ab-initio) обука и да трае најмалку 90 работни дена, во спротивно кандидатот треба повторно да ја заврши теоретската (ab-initio) обука пропишана со овој правилник.

(4) Практичната обука се смета за успешно завршена ако кандидатот ги изврши сите вежби од програмата за обука – практичен дел што се потврдува со поднесен план за практична обука за секој кандидат, пополнет, потпишан и заверен од овластен инструктор за практична обука (On Job Log Book).

3.3 Обука за освежување на знаењето (recurrent training)

Член 13

(1) Обука за освежување на знаењето (recurrent training) е редовна обука за освежување на знаењето со цел одржување на компетентноста на воздухопловните диспечери.

(2) Обуката од став (1) на овој член се врши на секои три години во организација или центар за обука која е оператор на воздухоплов или има договор склучен со оператор на воздухоплов, од страна на лице кое поседува овластување инструктор на воздухопловен диспечер.

(3) Обуката од став (1) на овој член се спроведува согласно програмата за освежување на знаењето која е составен дел на програмата за теоретската (ab – initio) обука и ги опфаќа истите предмети како и теоретската (ab-initio) обука, но во помал обем и помал фонд на часови.

(4) Во програмата од став (3) на овој член детално се наведуваат процесите, човековите ресурси и роковите за обезбедување на обуката за освежување на знаењето (recurrent training).

3.4 Обука за реквалификација (re-qualification training)

Член 14

(1) Обука за рекфалификација (re-qualification training) е обука за повторно доведување на стручноста и компетентноста на воздухопловните диспечери на ниво потребно за извршување на работи на воздухопловен диспечер.

(2) Обуката од став (1) на овој член се спроведува согласно програмата за рекфалификација која е составен дел на програмата за теоретската (ab – initio) обука и ги опфаќа истите предмети како и теоретската (ab-initio) обука, но во помал обем и помал фонд на часови

(3) Обуката од став (1) на овој член се врши во организација или центар за обука која е оператор на воздухоплов или има договор склучен со оператор на воздухоплов од страна на лице кое поседува овластување за инструктор на воздухопловни диспечери.

4. Евиденција

Член 15

(1) Организациите или центрите за обука на воздухопловни диспечери за секој кандидат кој посетувал обука водат посебно досие во кое се наведуваат личните податоци на кандидатот, пријава за обука, решение за прием на обука, лекарско уверение, податоци за траење на обуката, податоци за инструкторите кои ја вршеле обуката, за положените испити, картон за школување и степенот на оспособување.

(2) Организациите или центрите за обука на воздухопловни диспечери водат и:

- регистар на ученици (заверен во Агенцијата);
- дневник на теоретска настава;
- дневник на практична обука;
- индивидуални планови за практична обука (Log book);
- евиденција за спроведени обуки;
- евиденција за издадени уверенија за завршени обуки и
- друга потребна евиденција и документација за работа во организацијата или центарот за обука.

Член 16

(1) Организациите или центрите за обука на секој кандидат му издаваат потврда за секоја поединечна обука која кандидатот ја има завршено кај нив.

(2) Потврдата од став (1) на овој член содржи: име на организацијата или центарот за обука, лични податоци за кандидатот, податоци за обуката која што ја завршил кандидатот, датум на почеток и завршување на обуката, оценки по предметите и општиот успех на кандидатот.

III. Начин на спроведување на редовна и вонредна проверка

1. Редовни проверки

Член 17

(1) Кандидатот за стекнување на дозвола на воздухопловен диспечер и/или овластување инструктор на воздухопловен диспечер поднесува барање до Агенцијата за полагање на испитот за стекнување на таа дозвола и/или овластување.

(2) Со барањето од став (1) на овој член, кандидатот за полагање на испит за стекнување на дозвола за воздухопловен диспечер поднесува докази дека ги исполнува следните услови:

- има завршено теоретска и практична обука согласно овој правилник и најмалку шест месеци работно искуство (стажирање) во вршење на работни задачи на воздухопловен диспечер кај оператор на воздухоплови кои вршат јавен воздушен превоз под надзор на воздухопловен диспечер со важечка дозвола или

-има или имал дозвола и поминал најмалку две од претходните три години како: комерцијален пилот, навигатор член на екипаж, или контролор на летање, има завршено практична обука согласно овој правилник и најмалку шест месеци работно искуство (стажирање) под надзор на воздухопловен диспечер со важечка дозвола;

- има потврда за здравствена способност класа 4;

- има познавање на англиски јазик најмалку оперативно ниво 4 на ICAO и

- има платено надоместок за издавање на дозвола и/или овластување утврден со тарифникот на Агенцијата.

(3) Со барањето од став (1) на овој член, кандидатот за стекнување на овластување инструктор на воздухопловен диспечер поднесува докази дека ги исполнува следните услови:

- поседува важечка дозвола на воздухопловен диспечер и

- има најмалку три години работно искуство како воздухопловен диспечер.

Член 18

(1) Агенцијата, по прием на барањето за полагање на испит, врши проверка дали кандидатот ги исполнува условите за полагање на испит од член 17 на овој правилник.

(2) Ако се утврди дека кандидатот ги исполнува пропишаните услови, Агенцијата во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето донесува решение за одобрување на полагање на испитот во кое се одредува денот и местото на полагање на испитот.

(3) Полагањето на испитот не може да биде одредено во рок помал од 15 дена од денот кога решението од став (2) на овој член му било доставено на кандидатот.

(4) Ако Агенцијата утврди дека кандидатот не ги исполнува пропишаните услови за полагање на испитот, донесува решение за одбивање на барањето за полагање испит кое ги содржи причините за одбивањето.

Член 19

(1) Испитот го спроведуваат овластени испитувачи кои со решение ги определува Агенцијата од утврдената листа на воздухопловни стручњаци.

(2) За испитувач не може да се назначи лице кое ја вршело обуката во организацијата или центарот за обука на тој кандидат.

(3) Бројот на испитувачи се утврдува во зависност од бројот на предметите, односно од обемот на практичниот дел на испитот, при што еден испитувач може да биде испитувач за најмногу три предмети.

(4) Испитувачите во рок од седум дена од денот на завршувањето на испитот доставуваат до Агенцијата испитни листи за одржан испит.

(5) Агенцијата ги обезбедува испитните листи за впишување на резултатот од одржаниот испит на секој испитувач посебно.

Член 20

Секој испитувач го спроведува испитот по предметот за кој е именуван и по завршување на испитот го оценува успехот на кандидатот по предметите со оценка “положил“ или “не положил“.

Член 21

(1) Испитот за стекнување на дозвола на воздухопловен диспечер се состои од теоретски и практичен дел.

(2) Испитот за стекнување на овластување инструктор за воздухопловен диспечер се состои од теоретски дел и опфаќа две тематски области: методика на настава и воздухопловни прописи.

Член 22

(1) Теоретскиот дел од испитот за стекнување на дозвола на воздухопловен диспечер по обем и содржина ги опфаќа предметите наведени во Анекс 1, дел 4.6 на Меѓународната конвенција за цивилно воздухопловство и тоа:

- Воздухопловни правила и прописи;

- Општо познавање на воздухоплови;

- Перформанси и калкулации на лет, процедура за планирање на лет, маса и центража;

- Човечки особини/перформанси;

- Метеорологија;

- Навигација;

- Оперативни процедури;

- Принципи на лет и

- Радио комуникација.

(2) Теоретскиот дел од испитот се полага писмено со користење тестови со повеќекратен избор на одговори, при што се смета дека кандидатот го положил теоретскиот дел од испитот доколку покаже успех од најмалку 80% по секој предмет поединечно.

(3) Кандидатот кој нема да положи најмногу два предмети од теоретскиот дел од испитот има право на поправен испит по тие два предмети во рок кој го определува Агенцијата кој не може да биде пократок од 30 дена ниту подолг од 60 дена, од денот на доставување на испитните листи за одржаниот испит до Агенцијата.

(4) Доколку кандидатот не го положи поправниот испит од став (3) на овој член, се смета дека испитот не е положен во целост.

(5) Доколку кандидатот не положи три или повеќе предмети од теоретскиот дел од испитот, се смета дека испитот не е положен во целост.

(6) Доколку кандидатот за стекнување на овластување инструктор за воздухопловни диспечери не положи еден предмет од теоретскиот дел од испитот, се смета дека испитот не е положен во целост.

(7) Доколку постои потреба, при полагање на теоретскиот дел од испитот кандидатот може да користи калкулатор.

Член 23

(1) Практичниот дел од испитот се полага по успешно положен теоретски дел од испитот и се состои од решавање задачи кои ги опфаќаат сите потребни елементи за извршување на конкретниот лет во реални услови, и тоа:

-анализа на ограничувањата за конкретен аеродром со дадените услови и пресметка за максимален корисен товар за тој тип на авион и за тој лет;

-пресметка на тежина и центража;

-анализа на НОТАМ, АТС слотови и метео ситуации;

-изработување на оперативен навигациски план;

-пресметка за минимално количество на гориво за тој лет и

-донесување на одлуки за извршување на лет во дадени услови.

(2) При спроведување на практичниот дел од испитот, за одредени постапки во извршување на должноста воздухопловен диспечер може да се спроведе симулирање на потребните услови.

(3) Се смета дека кандитатот го положил практичниот дел од испитот доколку успешно ги решил сите елементи од поставените задачи од став (1) од овој член.

(4) Доколку кандидатот не го положи практичниот дел од испитот, се смета дека испитот не е положен во целост.

Член 24

Полагањето на испитот кандидатот може да го повтори најмногу два пати во рок не пократок од три месеци и не подолг од девет месеци, од денот на доставување на испитните листи од член 19 на овој правилник до Агенцијата.

2.Редовна проверка на стручност и компетентност (Proficiency Check)

Член 25

(1) Имателот на дозвола на воздухопловен диспечер треба на секои 12 месеци да помине редовна проверка на стручност и компетентност.

(2) Редовната проверка од став (1) на овој член се врши од страна на инструктор на воздухопловен диспечер и опфаќа усно испитување и практично извршување на дејствија и најмалку ги содржи следните елементи:

- Познавање на Оперативните прирачници на компанијата;
- Познавање на воздухопловни правила и прописи;
- Познавање на процедурите на операторот;
- Перформанси на воздухоплови;
- Анализа на метеорологија;
- Анализа на NOTAM-и;
- Припрема на навигациски планови за летање и пресметка на гориво;
- Следење на сообраќајот;
- Комуникации;
- Minimum Equipment List;
- Анализа услови и состојба на рути и аеродроми;
- Пред-полетен брифинг на посада;
- План за дејствување во вонредни ситуации и
- Брифинг при промена на смена.

(3) Резултатите од проверката се впишуваат на соодветен образец и се оценуваат со:

- Стандард;
- Стандард со брифинг или
- Под стандард.

(4) Проверката се смета за успешно завршена доколку ниту еден од елементите од став (2) на овој член не е оценет како под-стандард.

3. Вонредни проверки

Член 26

(1) Постапката за вонредна проверка ја спроведува Агенцијата, врз основа на предлог мерките утврдени од страна на воздухопловниот инспектор во записник и во решение за суспензија на воздухопловниот диспечер.

(2) Агенцијата со решението за вонредна проверка го определува начинот и времето на спроведување на вонредната проверка и го доставува на лицето за кое се однесува вонредната проверка.

(3) Вонредната проверка на стручна способност се спроведува за определени предмети од теорискиот и/или практичниот дел на испитот за стекнување на дозвола и/или овластување.

(4) Во случај на успешно завршена вонредна проверка, Агенцијата со решение го повлекува решението за суспензија.

(5) Во случај на неуспешно завршена вонредна проверка, Агенцијата донесува решение за продолжување на суспензијата на дозволата и/или овластувањето и за упатување на имателот на дозволата на обука за освежување на знаењето (recurrent training) согласно условите и одредбите од овој правилник пред да поднесе барање за повторна вонредна проверка.

(6) Во случај на неуспешно завршена повторна вонредна проверка, носителот на дозволата се упатува на обука за рекфалификација (re-qualification training) согласно условите и одредбите од овој правилник пред да поднесе барање за повторна вонредна проверка.

(7) Во случај на неуспешно завршена повторна вонредна проверка по завршена обука за рекфалификација (re-qualification training), Агенцијата со решение трајно ја повлекува дозволата, односно овластувањето.

IV. УСЛОВИ ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА ДОЗВОЛА И/ИЛИ ОВЛАСТУВАЊА

1. Услови за стекнување на дозвола и/или овластувања

Член 27

(1) Дозвола на воздухопловен диспечер може да стекне лице кое ги исполнува следните услови:

1. има наполнето 21 година старост;

2. поседува потврда за завршено најмалку средно образование;

3. поседува потврда за завршена теоретска и практична обука пропишана со овој правилник, или потврда за завршена практична обука согласно член 17, став (2), алинеја 2 од овој правилник;

4. има потврда за положен испит за стекнување дозвола на воздухопловен диспечер;

5. има работно искуство согласно член 17 став (3) алинеја 2 на овој правилник;

6. поседува важечко лекарско уверение за здравствена способност класа 4 и

7. има познавање на англиски јазик најмалку оперативно ниво 4 на ICAO.

(2) Овластување инструктор за воздухопловен диспечер може да стекне лице кое ги исполнува следните услови:

- поседува важечка дозвола на воздухопловен диспечер;

- има положен испит за стекнување на овластување инструктор за воздухопловен диспечер и

- има најмалку три години работно искуство како воздухопловен диспечер.

V. ФОРМА И СОДРЖИНА, НАЧИН НА ИЗДАВАЊЕ, ПРОДОЛЖУВАЊЕ, ОБНОВУВАЊЕ, ПОВТОРНО ИЗДАВАЊЕ И СУСПЕНДИРАЊЕ, РОК НА ВАЖНОСТ И ЕВИДЕНЦИЈА НА ДОЗВОЛИ И/ИЛИ ОВЛАСТУВАЊА

1. Форма и содржина

Член 28

Формата и содржината на дозволата и/или овластувањата на воздухопловните диспечери се дадени во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

2. Начин на издавање, продолжување/обновување на дозволата и/или овластувањето и рок на важење

Член 29

Дозволата и/или овластувањата ги издава, продолжува/обновува, суспендира, повлекува и променува Агенцијата согласно член 7-б алинеја 6 од Законот за воздухопловство.

Член 30

(1) За издавање, продолжување/обновување или промена на дозвола и/или овластување на воздухопловен диспечер, кандидатот поднесува барање до Агенцијата, кон кое се приложуваат докази дека се исполнети условите пропишани со овој правилник.

(2) Агенцијата по приемот на барањето, врши проверка дали е уплатена административната такса и надоместокот утврден со тарифникот на Агенцијата и проверка на приложената документација.

(3) При извршување на проверките од ставот (2) на овој член Агенцијата користи листи за проверки предходно изготвени согласно документацијата и податоците кои се проверуваат.

(4) Доколку со проверките од ставот (3) на овој член Агенцијата утврди дека кандидатот ги исполнува условите пропишани со овој правилник донесува решение за издавање, продолжување/обновување или промена на дозволата кое заедно со дозволата и/или овластувањето му се доставуваат на кандидатот.

(5) Доколку Агенцијата утврди дека кандидатот за воздухопловен диспечер не ги исполнува условите за издавање, продолжување/обновување или промена на дозвола и/или овластување на воздухопловен диспечер пропишани со овој правилник со решение ќе го одбие барањето кое ги содржи причините за одбивањето.

Член 31

Дозволата на воздухопловен диспечер и овластувањето инструктор на воздухопловен диспечер се издаваат со важност од три години.

Член 32

(1) Барање за продолжување на важноста на дозволата на воздухопловен диспечер и/или овластувањето инструктор за воздухопловен диспечер се поднесува најмалку 30 дена, но не повеќе од 60 дена, пред истекот на важноста на дозволата.

(2) Лицето кое поднесува барање за продолжување на важноста на дозволата доставува:

1. важечка дозвола за воздухопловен диспечер;

2. потврда дека има завршено обука за освежување на знаењето (recurrent training);

3. потврда дека во последните 3 месеци пред истекот на дозволата и/или овластувањето има успешно завршено редовна проверка на стручност и компетентност согласно член 25 на овој правилник;

4. потврда дека во изминатите 12 месеци има извршено најмалку еден обсерверски лет на линија на јавен воздушен превоз;

5. лекарско уверение за здравствена способност класа 4 и

6. потврда за познавање на англиски јазик најмалку оперативно ниво 4 на ICAO.

(3) Доколку во текот на важењето на дозволата, имателот на дозволата имал прекин во вршење на работи на воздухопловен диспечер подолго од 12 месеци, покрај доказите од став (2) на овој член доставува и потврда за завршена обука за реквалификација (re-qualification training).

Член 33

Лицето кое поднесува барање за продолжување на важноста на овластувањето за инструктор на воздухопловен диспечер доставува:

1. важечка дозвола на воздухопловен диспечер и

2. потврда дека во изминатите 36 месеци има одржано најмалку три наставни сесии.

Член 34

(1) Лицето што нема да ја продолжи важноста на дозволата во рокот од член 32 став (1) на овој правилник, може да ја обнови дозволата ако успешно ја заврши обуката за освежување на знаењето (recurrent training) и успешно ја помине проверката на стручност и компетентност од член 25 на овој правилник, доколку од истекот на важноста на дозволата не поминале повеќе од шест месеци.

(2) Доколку од истекот на важноста на дозволата поминале повеќе од шест месеци но не повеќе од 12 месеци, лицето кое поднесува барање за обновување на дозволата на воздухопловен диспечер, треба повторно да заврши обука за реквалификација (re-qualification training) и успешно да ја заврши проверката на стручност и компетентност од член 25 на овој правилник.

(3) Доколку од истекот на важноста на дозволата поминале повеќе од 12 месеци, лицето кое поднесува барање за обновување на дозволата на воздухопловен диспечер треба повторно да заврши обука за реквалификација (re-qualification training) и да го полага практичниот дел од испитот за стекнување на дозвола на воздухопловен диспечер.

(4) Лицето што нема да ја продолжи важноста на овластувањето инструктор на воздухопловен диспечер, во рокот од член 32 став (1) на овој правилник може да го стори тоа со полагање на испитот за стекнување на овластувањето за инструктор на воздухопловен диспечер.

Член 35

(1) Дозволата на воздухопловен диспечер ќе се замени со нова дозвола доколку:

- имателот на дозволата ја изгуби или на друг начин остане без неа;

- дозволата е оштетена до тој степен што не е веќе употреблива или е доведена во неугледна состојба како јавен документ;

- сите рубрики предвидени за продолжување на дозволата се пополнети;

- дошло до промена на личните податоци на имателот на дозволата или

- дошло до промена на образецот на дозволата.

(2) Доколку имателот на дозволата ја изгуби или на друг начин остане без дозволата, со барањето за издавање на нова дозвола треба да приложи доказ дека дозволата ја огласил како изгубена.

3. Евиденција

Член 36

Агенцијата води евиденција за издадените дозволи и овластувања на начин утврден со внатрешни процедури.

4. Суспендирање на дозволите и/или овластувањата

Член 37

(1) Дозволата односно овластувањето се суспендираат во случаите наведени во член 143 од Законот за воздухопловство.

(2) Доколку дозволата односно овластувањето е суспендирана, лицето не смее да извршува никакви работи на воздухопловен диспечер.

VI. КРИТЕРИУМИ, НАЧИН И ПОСТАПКА ЗА ПРИЗНАВАЊЕ НА ЗАВРШЕНА ОБУКА И ПРОГРАМИ ЗА ОБУКА, ПОЛОЖЕНИ ИСПИТИ, СТЕКНАТИ ДОЗВОЛИ И ОВЛАСТУВАЊА ВО СТРАНСТВО

Член 38

Завршена обука, програми за обука, положени испити и стекнати дозволи и овластувања во странство се признаваат доколку во постапка која ја води Агенцијата се утврди дека се спроведени по програма изработена во согласност со Анекс 1, дел 4.6 на Меѓународната конвенција за цивилно воздухопловство и ICAO документот 7192 дел Д-3.

Член 39

(1) Лицето кандидат за признавање на завршена обука и програми за обука, положени испити, стекната дозвола и овластувања во странство поднесува барање до Агенцијата.

(2) Со барањето за признавање на завршена обука во странство се доставуваат следните документи:

- доказ дека центарот или организацијата за обука се овластени од националната воздухопловна власт за спроведување на обука на воздухопловни диспечери;

-доказ дека обуката е завршена согласно Анекс 1, дел 4.6 на Меѓународната конвенција за цивилно воздухопловство и ICAO документот 7192 дел Д-3;

- програма по која е завршена наведената обука, одобрена од националната воздухопловна власт и

- доказ за уплатен надоместок за признавање.

(3) Со барањето за признавање-валидација на дозвола и/или овластување на воздухопловен диспечер стекнати во странство се доставуваат следните документи:

- важечки документ за идентификација (пасош);

- важечка дозвола и/или овластување на воздухопловен диспечер во оригинал;

- доказ дека обуката е завршена согласно Анекс 1, дел 4.6 на Меѓународната конвенција за цивилно воздухопловство и ICAO документот 7192 дел Д-3 во организација или центар за обука на воздухопловни диспечери овласен од националната воздухопловна власт за спроведување на обука на воздухопловни диспечери;

- лекарско уверение за здравствена способност класа 4;

- потврда за познавање на англиски јазик најмалку оперативно ниво 4 на ICAO и

- доказ за уплатен надоместок за признавање согласно тарифникот на Агенцијата.

(4) Кандидатот за признавање-валидација на дозвола и/или овластување на воздухопловен диспечер стекнати во странство полага испит по предметот воздухопловни правила и прописи.

(5) Државјанин на Република Македонија или лице со постојан престој во Република Македонија со барањето за признавање-конверзија на дозвола и/или овластување на воздухопловен диспечер издадена во странство, за издавање на соодветна македонска дозвола и/или овластување за воздухопловен диспечер се доставуваат следните документи:

- важечки документ за идентификација (пасош);

- државјанство на Република Македонија или дозвола за постојан престој;

- важечка дозвола и/или овластување на воздухопловен диспечер во оригинал;

- доказ дека обуката е завршена согласно Анекс 1, дел 4.6 на Меѓународната конвенција за цивилно воздухопловство и ICAO документот 7192 дел Д-3 во организација или центар за обука на воздухопловни диспечери овласен од националната воздухопловна власт за спроведување на обука на воздухопловни диспечери;

- важечко лекарско уверение за здравствена способност класа 4;

- потврда за познавање на англиски јазик најмалку оперативно ниво 4 на ICAO и

- доказ за уплатен надоместок за признавање според тарифникот на Агенцијата.

(6) Кандидатот за признавање-конверзија на дозвола и/или овластување на воздухопловен диспечер стекнати во странство полага теоретски и/или практичен дел од испитот за диференцијалните предмети односно задачи.

(7) Кога е поднесено барање за признавање на дозвола и/или овластување на воздухопловен диспечер, Агенцијата може од воздухопловните власти кои ја издале дозволата и/или овластувањето да побара потврда за веродостојност на дозволата и за стандардите според кои е издадена.

(8) Агенцијата врши увид во доставената документација за исполнетост за критериумите за признавање на завршената обука, односно дозволи и овластувања стекнати во странство.

(9) Доколку се утврди дека се исполнети критериумите за признавање, Агенцијата донесува решение со кое се признава завршената обука, односно му се издава валидација на дозволата и/или овластувањето за воздухопловен диспечер или му се издава македонска дозвола и/или овластување за воздухопловен диспечер во зависност од тоа какво барање е поднесено.

(10) Доколку се утврди дека не се исполнети критериумите за признавање, Агенцијата со решение ќе го одбие барањето за признавање.

VIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 40

(1) Лицата кои до денот на влегувањето во сила на овој правилник вршат работи на воздухопловен диспечер и имаат најмалку една година работно искуство како воздухопловен диспечер се стекнуваат со дозвола на воздухопловен диспечер согласно овој правилник.

(2) Лицата кои до денот на влегувањето во сила на овој правилник вршеле обука на воздухопловни диспечери, а имаат најмалку три години работно искуство како воздухопловен диспечер и имаат положено испит за овластување инструктор, се стекнуваат со овластување за инструктор на воздухопловен диспечер согласно овој правилник.

(3) Лицата од ставовите (1) и (2) на овој член, во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој правилник треба да доставаат барање до Агенцијата за стекнување на дозвола на воздухопловен диспечер и/или овластување инструктор на воздухопловен диспечер согласно овој правилник.

Член 41

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр.02-1598/5
10 ноември 2011 година
Скопје

Директор
д-р **Дејан Мојсоски,** с.р.

ПРИЛОГ 1

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО
REPUBLIC OF MACEDONIA
CIVIL AVIATION AGENCY

УВЕРЕНИЕ ЗА РАБОТА
APPROVAL CERTIFICATE

Ова уверение му се издава на/ *This certificate is issued to*:

Адреса/*Address:*

Број/ *Number:*

Агенцијата за цивилно воздухопловство потврдува дека горенаведената организација ги исполнува условите пропишани со Правилникот за стручно оспособување, проверки и стекнување на дозволи и овластувања на персонал кој врши работи во врска со утврдување на условите на летот и со постапките за подготвување на летот.

The Civil Aviation Agency confirms that the above named organization complies with the requirements prescribed in Regulation on qualification, examinations, licensing and ratings of the Flight Dispatchers and is empowered to operate as an Organization/Center for training of the Flight Dispatches.

Ова уверение, освен ако не биде суспендирано или повлечено, ќе остане во сила до:
This certificate, unless suspended or revoked, shall continue in effect until:

Датум на издавање/*Date of issue:* Потпис/ *Signature:*

Важи од/*Effective date:* Директор/*Director General*

ПРИЛОГ 2

АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО
CIVIL AVIATION AGENCY

ДОЗВОЛА ЗА ПЕРСОНАЛ КОЈ ВРШИ РАБОТИ ВО ВРСКА СО УТВРДУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ НА ЛЕТОТ И СО ПОСТАПКИТЕ ЗА ПОДГОТВУВАЊЕ НА ЛЕТОТ

FLIGHT DISPATCHER LICENCE

0001

ИЗДАДЕНА СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ВОЗДУХОПЛОВСТВО

ISSUED IN ACCORDANCE WITH AVIATION ACT

Важност на дозволата *Period of validity*		
За овластување под реден	**Важи до датум** / *Valid until:*	**Потпис - печат** / *Signature and*

XII **Забелешки**/Remarks:

I	**Издадена од држава**/ *State of issue:*
II	**Број на дозволата**/ *Licence number:*
IV	**Презиме и име на сопственикот**/ *Last and first name of holder:*
XI V	**Датум и место на раѓање**/ *Date and place of birth:*
V	**Адреса**/ *Address:*
VI	**Државјанство**/ *Nationality:*
VII	**Потпис на сопетвеникот**/ *Signature of holder:*
VII I	**Орган што ја издава**/ *Issuing authority:*
X	**Потпис на службено лице и датум**/ *Signature of issuing officer and date:*
XI	**Печат нли сув жиг**/ *Seal or stamp of issuing authority:*

II **Датум на прво издавање** / **Почетно издадена од**
Date of initial issue *Authority of initial issue*

IX **Валидноста на дозволата мора да се продолжи не лодоцна од:**

Правата од дозволата можат да се практикуваат само ако сопственикот има важечко лекарско уверение најмалку класа _____.
Документ кој што содржи фотографија треба да се носи зара-ди идентификација на сопственикот на дозволата.

The privileges of the licence shall be exercised

Специјални Овластувања /	**Дата на стекнување**/	**Потпис-печат**/ *Signature-*
Инструктор/ *Flight Dispathcer instructor*		'•'■* ' '■.

АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

3537.

Врз основа на член 20 став (1) алинеја 5 а во врска со член 90 став (1) точка 1) од Законот за безбедност на храна ("Службен весник на Република Македонија" бр. 157/10 и 53/11), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ИНСПЕКЦИСКИ МЕСТА НА ГРАНИЧЕН ПРЕМИН ЗА УВОЗ НА ХРАНА ОД НЕЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО

Член 1

Со ова решение се определуваат инспекциските места на граничен премин за проверка и преглед на пратки со храна од неживотинско потекло кои се увезуваат во Република Македонија.

Член 2

(1) Инспекциските места на граничен премин се определуваат за проверка и преглед на пратки со храна од неживотинско потекло, како инспекциски места на копнен (патен и железнички) и аеродромски граничен премин.

(2) Инспекциските места на граничен премин од став (1) на овој член се дадени во Прилогот кој е составен дел на ова решение.

Член 3

Пратките со храна од неживотинско потекло кои влегуваат во територијата на Република Македонија преку граничните премини Табановце и Блаце со копнен железнички сообраќај, при увоз се прегледуваат на железничкиот граничен премин железничка станица Трубарево.

Член 4

Ова решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 02-5032/3
16 ноември 2011 година
Скопје

Директор,
Дејан Рунтевски, с.р.

Прилог

Инспекциски места на граничен премин во Република Македонија за храна од неживотинско потекло

Назив	Тип на определба
Аеродром Александар Велики	A
Аеродром Охрид	A
Блаце	R
Богородица	R
	F
Деве Баир	R
Делчево	R
Меџитлија	R
Ново Село	R
Табановце	R
Ќафасан	R
Железничка станица Трубарево	F*

Легенда:

A = аеродромски граничен премин
F = железница
P = пристаниште
R = патен граничен премин
* се однесува и за пратки храна од неживотинско потекло, кои со копнен железнички сообраќај се увезуваат преку граничните премини Табановце и Блаце

3538.

Врз основа на член 12 став (5) од Законот за заштита и благосостојба на животните ("Службен весник на Република Македонија" бр. 113/07 и 136/11) директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА РЕГИСТАРОТ, ИНФОРМАЦИИТЕ ПОТРЕБНИ ЗА РЕГИСТРАЦИЈА НА ОБЈЕКТИТЕ ВО КОИ СЕ ЧУВААТ ЖИВОТНИ ЗА ФАРМСКИ ЦЕЛИ И НАЧИНОТ НА РЕГИСТРАЦИЈА

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат формата и содржината на регистарот на објектите во кои се чуваат животни за фармски цели, информациите потребни за регистрација и начинот на регистрација.

Член 2

(1) Одговорните лица за објектите каде се чуваат животни за фармски цели освен за видовите наведени во член 4 од овој правилник, треба да поднесат до подрачните единици на Агенцијата за храна и ветеринарство (во понатамошниот текст: Агенцијата) барање за упис во регистерот на објекти во кои се чуваат животни за фармски цели (во понатамошниот текст: Регистар).

(2) При поднесување на барањето за упис во Регистарот, одговорното лице треба да ги достави особено следните податоци:

1. Назив на подносител на барањето (за физички лица име и презиме),
2. Адреса на седиштето на подносителот на барањето (за физички лица адреса на живеење),
3. Единствен матичен број на физичкото лице и единствен даночен број на правното лице,
4. Овластено лице за застапување на субјектот (име и презиме, ЕМБГ, телефон, електронска пошта),
5. Одговорно лице за објектот во кој се чуваат животни за фармски цели (име и презиме, ЕМБГ, телефон, електронска пошта),
6. Адреса на објектот,
7. Видови животни кои се држат односно планирани да се држат,
8. Тип на производство односно планирано производство,
9. Моментален број на животни кои се држат односно планираат да се држат и
10. Начин на одгледување (во случај на држење на кокошки несилки).

(3) Одговорното лице за објектите каде се чуваат животни за фармски цели за сите настанати промени во однос на условите за вршење на активностите, измена на активностите, проширите или престанок на работата на објектите во кои се чуваат животни за фармски цели по настанување на промените веднаш го известува по писмен пат официјалниот ветеринар.

Член 3

(1) По доставеното барање, официјалниот ветеринар треба да излезе на увид на лице место и да изврши проверка и преглед за потврда на податоците од барањето за што составува записник.

(2) По извршениот увид, комплетната документација се доставува до Агенцијата за да се изврши уписот во регистерот.

(3) По регистрирањето, објектот добива единствен регистарски број на одгледувалиштето.

Член 4

(1) Регистрација на објектите во кои се чуваат животни за фармски цели од видот говеда се врши на начин утврден согласно Законот за идентификација и регистрација на животните и Правилникот за идентификација и регистрација на животни од видот говеда .

(2) Регистрација на објектите во кои се чуваат животни за фармски цели од видот овци и кози треба да се врши на начин утврден согласно Законот за идентификација и регистрација на животните и Правилникот за идентификација и регистрација на животни од видот овци и кози.

(3) Регистрација на објектите во кои се чуваат животни за фармски цели од видот свињи се врши на начин утврден согласно Законот за идентификација и регистрација на животните и Правилникот за идентификација и регистрација на животни од видот свињи.

(4) При регистрацијата на објекти во кои се чуваат животни од видовите говеда, овци, кози и свињи, одредбите од членовите 2 и 3 на овој правилник не се применуваат.

Член 5

Во случај кога се врши регистрација на објекти каде се чуваат животни од видот кокошки несилки покрај регистерскиот број на одгледувалиште, одгледувалиштето добива и производен код кој служи за означување на јајцата согласно одредбите на Правилникот за начинот на означување на јајцата наменети за пазар и јајцата наменети за инкубација, ознаките и употребата на ознаките. Производниот код се впишува во Регистарот.

Член 6

(1) Регистарот се води во електронска форма.

(2) Во Регистарот се впишуваат особено следниве податоци:

1. Назив на подносител на барањето (име и презиме на физичкото лице),
2. Адреса на седиштето на подносителот на барањето (адреса на живеење на физичкото лице),
3. Единствен матичен број на физичкото лице и единствен даночен број на правното лице,
4. Овластено лице за застапување на субјектот (име и презиме, ЕМБГ, телефон, електронска пошта),
5. Одговорно лице за објектот во кој се чуваат животни за фармски цели (име и презиме, ЕМБГ, телефон, електронска пошта),
6. Адреса на објектот,
7. Видови животни кои се држат односно планирани да се држат,
8. Тип на производство односно планирано производство и
9. Капацитет на објектот во кој се чуваат животни за фармски цели.

(3) По потреба во Регистарот се впишуваат и дополнителни информации во однос на објектот.

(4) Податоците за објектот во кои се чуваат животни за фармски цели треба да се чуваат најмалку три години од денот од престанок на работа на одгледувалиштето.

Член 7

По извршениот упис во Регистарот, на овластеното лице за застапување на субјектот односно одговорното лице за објектот во кој се чуваат животни за фармски цели им се издава извод од Регистарот.

Член 8

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.07-3011/3
4 ноември 2011 година
Скопје

Директор,
Дејан Рунтевски, с.р.

С П О Г О Д Б И

3539.

Врз основа член 161, став 2 од КД за вработените во Тутунското стопанство (Службен весник бр 135/09), а во врска со член 277, став 2 од ЗРО (Службен весник бр 16/10), Закон за изменување и дополнување за Законот за работни односи (Службен весник бр 124/10), Синдикатот на работниците од Агроиндустрискиот комплекс на РМ и Здружението за тутунско стопанство на ОРМ, склучуваат/донесуваат

С П О Г О Д Б А
ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА КОЛЕКТИВНИОТ ДОГОВОР ЗА ВРАБОТЕНИТЕ ОД ТУТУНСКОТО СТОПАНСТВО

Член 1

Со денот на потпишувањето на оваа спогодба 07.11.2011 година, се продолжува важењето на Колективниот договор за вработените од тутунското стопанство склучен на 05.11.2010 година за период од две години.

Ако по изминувањето на рокот од две години, од денот на продолжувањето на овој колективен договор, не се склучи спогодба за продолжување на истиот, овој колективен договор продолжува да важи за период од 2 години.

Член 2

Потписниците на оваа спогодба се согласни да отпочнат преговори за регулирање и на други прашања кои се предмет на колективното преговарање и договарање во рок од 30 дена од денот на склучувањето на спогодбата.

Член 3

Оваа спогодба за продолжување на КД за вработените од тутунското стопанство стапуваат во сила со денот на склучувањето, а ќе се применува од денот на објавувањето во Службен весник на Р. М.

Член 4

Оваа спогодба е составен дел на КД за вработените од тутунското стопанство.

Организација на работодавачи на Македонија Здружение за тутунско стопанство Претседател, **Лидија Групчева,** с.р.	Синдикат на работниците од Агроиндустрискиот комплекс на Р. Македонија „Агро-синдикат“ Претседател, **Живко Даневски,** с.р.

www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје
бул. "Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник - Тони Трајанов.
Телефон: +389-2-55 12 400.
Телефакс: +389-2-55 12 401.
Претплатата за 2011 година изнесува 10.100,00 денари.
„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.

ISSN 0354-1622
2011161

СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Декларации, заеднички позиции и демарши на Европската унија кон кои се придружува/прифаќа Република Македонија на покана на ЕУ

Број 161	21 ноември 2011, понеделник	Год. LXVII
www.slvesnik.com.mk		contact@slvesnik.com.mk

С О Д Р Ж И Н А

Стр.

33. **Одлука** за воведување на рестриктивната мерка согласно Одлуката за спроведување 2011/488/ЗНБП на Советот од 1 август 2011 година за спроведување на Одлуката 2011/273/ЗНБП за рестриктивни мерки против Сирија..... **1**

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

33. Врз основа на член 6 став 1 од Законот за меѓународни рестриктивни мерки ("Службен весник на Република Македонија" бр. 36/2011), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 8.11.2011 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ВОВЕДУВАЊЕ НА РЕСТРИКТИВНАТА МЕРКА СОГЛАСНО ОДЛУКАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ 2011/488/ЗНБП НА СОВЕТОТ ОД 1 АВГУСТ 2011 ГОДИНА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА 2011/273/ЗНБП ЗА РЕСТРИКТИВНИ МЕРКИ ПРОТИВ СИРИЈА

Член 1

Со оваа одлука се воведуваат рестриктивните мерки согласно Одлуката за спроведување 2011/488/ЗНБП на Советот од 1 август 2011 година за спроведување на Одлуката 2011/273/ЗНБП за рестриктивни мерки против Сирија.

Член 2

Оваа одлука се однесува на следниве видови рестриктивни мерки:
- ембарго на оружје;
- забрана за влез во Република Македонија и
- финансиски мерки.

Член 3

Се определуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Министерството за надворешни работи, Министерството за финансии и Управата за спречување перење на пари и финансирање на тероризам за надлежни органи за спроведување на рестриктивната мерка.

Член 4

Надлежните органи од член 3 на оваа одлука вршат надзор над спроведувањето на рестриктивната мерка.

Член 5

Спроведувањето на рестриктивната мерка се врши на начин утврден со Одлуката за спроведување 2011/488/ЗНБП на Советот од 1 август 2011 година за спроведување на Одлуката 2011/273/ЗНБП за рестриктивни мерки против Сирија и Одлуката 2011/273/ЗНБП од 9 мај 2011 година за рестриктивни мерки против Сирија.

Член 6

Одлуката за спроведување 2011/488/ЗНБП на Советот од 1 август 2011 година за спроведување на Одлуката 2011/273/ЗНБП за рестриктивни мерки против Сирија, во оригинал на англиски и во превод на македонски јазик е дадена во прилог на оваа одлука и е нејзин составен дел.

Член 7

Рестриктивната мерка кон Сирија се воведува на неодредено време.

Член 8

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 51-6241/1
8 ноември 2011 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

ОДЛУКА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ 2011/488/ЗНБП НА СОВЕТОТ

од 1 август 2011 година

за спроведување на Одлука 2011/273/ЗНБП за рестриктивни мерки против Сирија

СОВЕТОТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА,

имајќи го предвид Договорот за Европската унија, а особено член 31(2) од истиот,

имајќи ја предвид Одлука 2011/273/ЗНБП на Советот од 9 мај 2011 година во однос на рестриктивни мерки против Сирија[1], а особено член 5(1) од истата,

со оглед на тоа што:

(1) На 9 мај 2011 година Советот ја донесе Одлука 2011/273/ЗНБП.

(2) Со оглед на сериозноста на ситуацијата во Сирија, треба да се додадат дополнителни лица на списокот на лица и субјекти предмет на рестриктивните мерки утврдени во анексот кон Одлука 2011/273/ЗНБП,

ЈА ДОНЕСЕ ОВАА ОДЛУКА:

Член 1

Лицата наведени во анексот кон оваа одлука се додаваат на списокот на лица и субјекти утврдени во анексот кон Одлука 2011/273/ЗНБП.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила на денот на нејзиното донесување.

Брисел, 1 август 2011 година.

За Советот

Претседател

М. ДОВГИЕЛЕВИЧ

[1] Сл. весник L 121, 10.5.2011 година, стр. 11.

АНЕКС

Лица наведени во член 1

А. Лица

	Име	Податоци за идентификација (датум на раѓање, место на раѓање...)	Причини	Датум на посочување
1.	г. Мохамад Муфлех (Mr Mohammad Mufleh)		Шеф на сириското воено разузнавање во градот Хама, вклучен во преземањето остри мерки врз демонстрантите.	1.8.2011
2.	Генерал-мајор Тавфик Јунес (Major General Tawfiq Younes)		Шеф на одделението за внатрешна безбедност на Генералниот директорат за разузнавање; вклучен во насилството врз цивилното население.	1.8.2011
3.	г. Мохамед Макхлуф познат како Абу Рами (Mr Mohammed Makhlouf (Abu Rami)	Роден во Латакија, Сирија , 19.10.1932 година	Близок соработник и вујко на Башар и Махир ал-Асад. (Bashar, Mahir al-Assad). Деловен соработник и татко на Рами, Ихаб и Ијад Макхлуф. (Rami, Ihab, Iyad Makhlouf).	1.8.2011
4.	Ајман Јабир (Ayman Jabir)	Роден во Латакија	Соработник на Махир ал-Асад за војската на Шабиха. (Mahir al-Assad, Shabiha). Директно вклучен во репресијата и насилството врз цивилното население и координација на воените групи на Шабиха	1.8.2011
5.	Генерал Али Хабиб Махмуд (General Ali Habib Mahmoud)	Роден во Тартус, 1939 година. Назначен за министер за одбрана на 3 јуни 2009 година	Министер за одбрана. Одговорен за командувањето и операциите на сириските вооружени сили вклучени во репресијата и насилството врз цивилното население	1.8.2011

COUNCIL IMPLEMENTING DECISION 2011/488/CFSP

of 1 August 2011

implementing Decision 2011/273/CFSP concerning restrictive measures against Syria

THE COUNCIL OF THE EUROPEAN UNION,

Having regard to the Treaty on European Union, and in particular Article 31(2) thereof,

Having regard to Council Decision 2011/273/CFSP of 9 May 2011 concerning restrictive measures against Syria [1], and in particular Article 5(1) thereof,

Whereas:

(1) On 9 May 2011, the Council adopted Decision 2011/273/CFSP.

(2) In view of the gravity of the situation in Syria, additional persons should be added to the list of persons and entities subject to restrictive measures set out in the Annex to Decision 2011/273/CFSP,

HAS ADOPTED THIS DECISION:

Article 1

The persons listed in the Annex to this Decision shall be added to the list of persons and entities set out in the Annex to Decision 2011/273/CFSP.

Article 2

This Decision shall enter into force on the date of its adoption.

Done at Brussels, 1 August 2011.

For the Council
The President
M. DOWGIELEWICZ

[1] OJ L 121, 10.5.2011, p. 11.

ANNEX

Persons referred to in Article 1

A. **Persons**

	Name	Identifying information (date of birth, place of birth...)	Reasons	Date of listing
1.	Mr Mohammad Mufleh		Head of Syrian Military Intelligence in the town of Hama, involved in the crackdown on demonstrators.	1.8.2011
2.	Major General Tawfiq Younes		Head of the Department for Internal Security of the General Intelligence Directorate; involved in violence against the civilian population.	1.8.2011
3.	Mr Mohammed Makhlouf (a.k.a. Abu Rami)	Born in Latakia, Syria, 19.10.1932	Close associate and maternal uncle of Bashar and Mahir al-Assad. Business associate and father of Rami, Ihab and Iyad Makhlouf.	1.8.2011
4.	Ayman Jabir	Born Latakia	Associate of Mahir al-Assad for the Shabiha militia. Directly involved in repression and violence against the civilian population and co-ordination of Shabiha militia groups	1.8.2011
5.	General Ali Habib Mahmoud	Born Tartous, 1939. Appointed Minister of Defence 3 June 2009	Minister of Defence. Responsible for conduct and operations of Syrian Armed Forces involved in repression and violence against the civilian population	1.8.2011

www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје бул. "Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник - Тони Трајанов.
Телефон: +389-2-55 12 400.
Телефакс: +389-2-55 12 401.

Претплатата за 2011 година изнесува 10.100,00 денари.
„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.

ISSN 0354-1622
2011161